**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4251 | 1 | |

13:30

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 26 и 28 септември 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 3 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 26 и 28 септември 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**. На еден реален час емитувана програма, ТВ АЛСАТ - М одвои повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање за политичките партии во Собранието што немаат пратеничка група.

Имено, во реалниот час од 21:00 до 22:00 часот, на 26 септември 2017 година, за учесниците во изборната кампања - Коалиција „Алијанса за Албанците“ и Алијанса на Албанците, наместо најмногу 1 минута емитуваше 1 минута и 6 секунди. На 26 септември 2017 година, во реалниот час од 23:00 до 00:00, за истите учесници во изборна кампања, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 17 секунди.

**26.09.2017**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 21:11:55 - 21:12:29 | 00:00:34 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 21:12:32 - 21:12:53 | 00:00:21 | Алијанса на Албанците |
| 21:53:40 - 21:53:51 | 00:00:11 | Алијанса на Албанците |
| **Вкупно:** | **00:01:06** | |

**26.09.2017**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:43:51 - 23:44:12 | 00:00:21 | Алијанса на Албанците |
| 23:50:59 - 23:51:34 | 00:00:35 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 23:51:36 - 23:51:57 | 00:00:21 | Алијанса на Албанците |
| **Вкупно:** | **00:01:17** | |

На 28 септември 2017 година, во реалниот час од 19:00 до 20:00, за учесниците во изборна кампања од политичките партии во Собранието што немаат пратеничка група, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 35 секунди.

**28.09.2017**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 19:38:39 - 19:38:50 | 00:00:11 | Алијанса на Албанците |
| 19:38:53 - 19:39:03 | 00:00:10 | Алијанса на Албанците |
| 19:53:07 - 19:53:27 | 00:00:20 | Алијанса на Албанците |
| 19:53:31 - 19:53:51 | 00:00:20 | Алијанса на Албанците |
| 19:53:55 - 19:54:29 | 00:00:34 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| **Вкупно:** | **00:01:35** | |

7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, на 26 и на 28 септември 2017 година, на еден реален час емитувана програма, одвои повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање за политичките партии во Собранието што немаат пратеничка група.

8. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***